# ЗА БОГДАНЦИ ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои забораваат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,
Марјан Пеев

# 2. ТОП 10 ПРОЕКТИ

1. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА БОГДАНЦИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СТОЈАКОВО,ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ;
2. ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ (БАРТА И ГОРНИ ЧАИР) И ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ТУРИСТИЧКА ЗОНА ПАЉУРЦИ;
3. ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ЦЕВКИ ВО МРЕЖАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО БОГДАНЦИ (КОЈА КЕ СЕ ОДВИВА СЕКТОРСКИ И ВО ФАЗИ);
4. РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ;
5. ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1109 ДЕЛНИЦА БОГДАНЦИ-ГЕВГЕЛИЈА;
6. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВРСКА Р1109 СО ЃАВАТО;
7. ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, УЛИЧКИ И СОКАЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА;
8. ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА (БОГДАНЦИ-ИНДУСТРИСКА ЗОНА-СТОЈАКОВО);
9. БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ОД I-ВО ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ. УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ ДОБИВААТ ПО ЕДЕН ЗДРАВ ОБРОК НА ДЕН СО СПЕЦИЈАЛНО МЕНИ ПОДГОТВЕНО ОД НУТРИЦИОНИСТ;
10. РЕКОНСТРУКЦИЈА И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ (ПОРАНЕШЕН РЕСТОРАН) ВО СТОЈАКОВО ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО.

# 3. ТОП 3 ПРОЕКТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

1. **ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ СО ДВОНАСОЧНИ УЛИЦИ СО ОТВАРАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПАРКИНГ МЕСТА ВО Н.М БОГДАНЦИ;**
2. **ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИ ДАНОЦИ И ТАКСИ-ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА;**
3. **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА КРУШЕВСКА – БОГДАНЦИ.**



# 4. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализација на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија, е пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која нивните потреби треба да бидат задоволени соласно можмостите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа , која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Соработката со централната власт и меѓуопштинската соработка се значајни инструменти за поголем развој на општините и надминување на сопствените лимити. Токму затоа е значајно за инвестициите кои се над финансиските можности на општината, да постојат добро изработени проекти со кои ќе се аплицира пред централната власт и меѓународните финансиски институции.

Воедно, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да соработуваат, со цел да ги исполнат очекувањата на граѓаните. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави придонесе за подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектните средства кои ги нудат ЕУ, Светска банка и други меѓународни партнери, се моќна алатка за реализација на значајни проекти. Пример за тоа се средствата од ЕУ ИПА фондовите, при што општините се клучни субјекти во процесот на користење на овие средства.



# 5. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со доаѓањето на власт на ВМРО – ДПМНЕ, локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

За да се оствари повисок економски раст, главниот импулс мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде продуктивни нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Со проектите во оваа програма ќе овозможиме поттикнување на економскиот и општествен развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ➤ ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ (БАРТА И ГОРНИ ЧАИР);

Доизградба на водоводна и канализациска мрежа, изградба на улици, тротоари, улично осветлување како и поставување на сите неопходни инсталации и приклучоци. Вкупната инвестиција на овој проект во првата фаза изнесува над 10.000.000 денари

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 10.000.000 денари

## ➤ ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА (БОГДАНЦИ-ИНДУСТРИСКА ЗОНА БАРТА-СТОЈАКОВО)

Сегашниот мост на реката Луда мара на локалниот пат Богданци-Стојаково преставува тесно сообраќајно грло. Овој мост го користат жителите од цела општина при комуникација со населените места Стојаково и Селемли со центарот на Општината Богданци. Освен тоа, овој мост е речиси на влезот на индустриска зона, каде потребите на бизнис заедницата за подобрени услови се дополнително зголемени. Затоа се предлага изградба на нов мост согласно техничко решение од изготвена проектна документација,

кој со своите технички карактеристики ќе ги задоволи сите потребни критериуми.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** АФПЗРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 15.000.000 денари

## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

Проектите се од големо значење од аспект на заштеди и енергетска ефикасност, што ќе придонесе за јакнење на фискалниот капацитет на општината. За таа цел, ќе ги реализираме следните проекти:

- Реконструкција на фасада ООУ Петар Мусев Богданци

  Вредност 4.915.809,20

- Санација на подови во ООУ „Петар Мусев“, Богданци

  Вредност 6.196.250,80

- Изработка на технички документации за реконструкција на двете општински згради и изведба на реконструкциски зафати во нив, прва фаза 5,000.000,00

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, Светска банка -Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор

**Висина на средства:** 16.112.060 денари

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ (ПОРАНЕШЕН РЕСТОРАН) ВО СТОЈАКОВО ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Изнаоѓање партнер кој е заинтересиран за развој на руралната туристичката понуда преку нови уникатни содржини.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** ЈПП, Општина Богданци и приватен инвеститор

**Висина на средства:** ???

## „CO-WORKING SPACE“ (ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР) ВО ПРОСТОРИИ НА ЈАВЕН ОБЈЕКТ, ОПШТИНСКА ЗГРАДА НА ВТОРИ КАТ.

Обезбедување простор за соработка во просториите на јавниот објект (општинска зграда) на втори кат. Користејќи ги искуствата на другите земји, заедничкиот работен простор има за цел да им обезбеди на МСП, freelancer-ите и НВО, инфраструктура што ќе им помогне да ја подобрат ефикасноста на нивното работење, да контактираат со потенцијалните партнери и евентуално да иницираат заедничка соработка со други компании или со академскиот сектор. Покрај тоа, заедничкиот простор ќе биде ефикасен инструмент за општината да се приближи до деловниот и НВО сектор и да постигне поинтензивни односи.

**Рок:** 2021-2023

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатори

**Висина на средства:**2.000.000 денари

## РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВА КОН НВО ПРЕКУ ЈАВНИ ПОВИЦИ ФИНАНСИРАНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ, ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.

Воспоставување на модел на распределба на средства по пат на јавни повици со заложби за поинтензивна соработка со граѓанскиот сектор за финансирање на локални микро проекти од различни области.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 720.000 денари

## ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОД 2022-2025

Интегрираниот план за локален развој ќе има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува Општина Богданци, како и да предложи начин за нивно надминување. Среднорочен стратешки документ кој ќе го трасира патот на локалниот економски развој на територија на Богданци. Ќе се изработи со ангажирање на консултант за обезбедување на објективност во процесот на изработка со вклученост на сите заинтересирани страни на локално ниво.

**Рок:** 2022

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 200.000 денари

## ПРОГРАМА ЗА ЕЕ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ 2023-2025

## ГЛАВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2025 ГОДИНА ЌЕ БИДЕ:

- намалување на трошоците за енергија во општината, пред се во општинските објекти кои се во нејзина надлежност;
- осигурување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и работа во сите простории;
- намалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- поголема примена на обновливи извори на енергија.

**Рок:** 2023

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 200.000 денари

## ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИ ДАНОЦИ И ТАКСИ

Дигитализација на услугите на општинската администрација”, преку воведување на онлајн плаќање на обврските за даноци и такси, без физичко присуство. На тој начин извршувањето на оваа постапка ќе биде олеснето за граѓаните, со заштеда на време.

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** УНДП, МОС со Општина Гевгелија

**Висина на средства:** 930.000 денари

## ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРЕТПРИСТАПНИ ЕУ ФОНДОВИ

Унапредување на капацитетот на човечките ресурси за поддршка при реализирање на проекти во програмите за прекугранична соработка и искористување на предпристапните фондови на ЕУ. Учество на повици во рамки на програмите за прекугранична соработка Македонија-Грција и Македонија-Бугарија со користење на консултанска помош.

**Рок:** континуирано

## ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ „ПАРК НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕТЕРНИЦИ – БОГДАНЦИ“

Проширување на ветерен парк АД ЕЛЕМ за уште 13,8 мегавати и годишно производство од дополнителни 37 GWh, преку поставување дополнителни четири ветерници покрај веќе постојните 16.

**Рок:** 2022 година

**Извор на средства:** АД ЕЛЕМ, Влада на РМ

**Висина на средства:** 21.000.000 евра

## ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ ЕУРОИНГ ДОО УВОЗ- ИЗВОЗ ГЕВГЕЛИЈА

Поддршка од општината за реализација на овој проект, во рамките на локалните ингеренции. Планирана вкупна инсталирана моќност 30MW и очекувано годишно производство од 72,5 гигават часови.Енергетскиот парк ќе се гради на територија Општинна Богданци

На 17.03.2021 е потпишан Договорот за аквизиција помеѓу фирмата Еуроинг и „Интеренерго“ д.о.о, Љубљана, заедно со „Келаг“ . Проектот треба да биде реализиран до 2023 година.

**Рок:** 2023 година

**Извор на средства:** Приватен инвеститор

**Висина на средства:** 40.000.000 евра

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ГРАЃАНИТЕ

Ќе иницираме со централната власт отварање на дисперзирани канцеларии на институции кои се најпотребни во Богданци.

- Дисперзирана канцеларија на Центарот за социјални работи - Гевгелија во Општина Богданци;
- Дисперзирана канцеларија на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување- подрачна канцеларија Гевгелија во Општина Богданци;

Главна цел е луѓето полесно, со помалку потрошени средства и време, да ги остварат своите права и оврски од овие области.



# 6. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 6.1. УРБАНИЗАМ

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата.

Наши проекти од областа на Урбанизмот се следните:

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БОГДАНЦИ

Довршување и донесување на Генерален урбанистички план за Богданци. Изработка на ДУП, парцијално, и тоа најпрво за оние зони каде тоа е најпотребно, а понатаму и за сите други зони.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 3.000.000 денари

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА РУРАЛНИ СРЕДИНИ

Урбанистички планови за сите рурални населени места во Општина Богданци (Стојаково, Ѓавото и Селемли).

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 3.000.000 денари

### ЦЕЛОСНА ЗАМЕНА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ-ЕФИКАСНИ СВЕТИЛКИ

Замена на светилките со енергетски поефикасни, врз основа на студија за потребата од замена на целокупното улично осветлување и утврдување на видот на светилки кои ќе се користат.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** МСИП, ЈПП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 6.000.000 денари

## КАНДЕЛАБРИСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА СПОЈ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1109 СО ЛОКАЛЕН ПАТ НАСПРЕМА ГЕВГЕЛИЈА

Спојот на локалниот пат со регионалниот Р1109 на делницата Богданци-Гевгелија не е соодветно сообраќајно решен ниту пак осветлен. Во прва фаза ќе го решиме проблемот со осветлување заради поголема прегледност на оваа локација.

**Рок:** 2022

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 1.000.000 денари

## ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ СО ДВОНАСОЧНИ УЛИЦИ НА ЦЕЛА ТЕРИТОРИЈА НА Н.М БОГДАНЦИ, СО ОТВАРАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПАРКИНГ МЕСТА

Воведениот режим на сообраќај во н.м Богданци во 2020 со еднонасочни улици и голем број знаци не ги дава очекуваните резултати. Затоа ќе ги прифатиме сугестиите и предлозите од голем број граѓани и деловни субјекти во н.м Богданци да се воведе повторно режим на сообраќај со двонасочни улици, со можност за отварање на дополнителни паркинг места секаде каде тоа е возможно.

**Рок:** 2021-2022

## ИЗНАОЃАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРОБИШТА ВО Н.М СТОЈАКОВО ВО ДОГОВОР СО НАСЕЛЕНИЕТО.

На иницијатива на МЗ Стојаково и на бројни физички лица од н.м Стојаково, утврдена е потреба од изнаоѓање на нова локација за селски гробишта. Истата ќе се утврди во соработка со МЗ и жителите на н.м Стојаково.

**Рок:** 2022

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОСТОЈКА ЗА КОМБИЊА И ТАКСИ ПРЕВОЗ ВО СЕЛЕМЛИ НА ЛОКАЦИЈА ВО ДОГОВОР СО НАСЕЛЕНИЕТО.

Предлогот е добиен од жители на н.м Селемли. Целта е да се утврди најдобрата локација за постојка и да се добие заштитен простор од временски непогоди при чекање на превоз.

**Рок:** 2022-2023

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 100.000 денари

### НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Ќе се набави и постави урбана опрема во сите населени места во Општина Богданци, согласно потребите и годишните програми.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

## 6.2. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Правото на здрава животна средина е фундаментално граѓанско право, животната средина ќе ни биде најголемиот предизвик во-овој програмски период: чиста, здрава и добро зачувана животна средина како поддршка на одржлива економија и општество, во кое живеат задоволни граѓани.

Најважни проекти во функција на заштита на животната средина во следниот четиригодишен период, ќе бидат:

### УРЕДУВАЊЕ НА ДИВАТА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА ВО БОГДАНЦИ

Градската депонија - Богданци со површина од 20.000м2, е на растојание од 800м од најблиското населено место, а во близина нема водни површини. Целиот генериран и собран комунален цврст отпад од домаќинствата и индустриските капацитети се депонира на депонијата за комунален отпад „Богданци“. Депонијата се наоѓа на ~1km од градот и до неа води поголем дел асфалтиран пат, а кон крајот земјен. Депонијата ги исполнува минималните технички услови коишто се предвидени за една комунална депонија. Но, потребно е:

- Санација на оградата околу депонијата;
- За трите пристапни патишта за влез и излез од депонијата обнова на поставени рампи со што целосно би се заокружил процесот за оградување;
- Ангажирање булдожер-гасеничар за затрупување и порамнување на дел од депонијата. Средствата за порамнувањето ќе се обезбедат дел од Јавното претпријатие а дел од Општината Богданци;.
- Со претставници на ЈП Македонски Шуми, ќе се отпочне со засејување на зелен појас околу депонијата по што ЈП „Комунална чистота” ќе постави систем за наводнување “капка по капка;
- Во поглед за обезбедување, ќе се разгледа можноста за патролно обезбедување на депонијата поради што нема потреба од воведување на чуварска служба за превентива од подметнување на по-

жари и самозапалување на депонијата.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, ЈП Комунална Чистота

**Висина на средства:** 500.000 денари

## УРЕДУВАЊЕ НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА ВО СТОЈАКОВО

Депонијата„Стојаково“ со површина од 2.100м2, е на растојание од 600м од најблиското населено место, а во близина нема водни површини. Во интерес на намалувањето на постоечките и појавата на нови диви ѓубришта како последица од несоодветното постапување со отпадот на жителите, општината треба да превземе мерки за подигнување на јавната свест, со што ќе ги предочи пред локалното население штетните ефекти од несоодветното постапување со отпадот, преку спроведување на еден ви кампања која ќе се случува паралелно со вклучување на нови корисници во системот на собирање и транспорт на отпад.

Во населени места каде што е воведена услуга за собирање и транспорт на комуналниот отпад, ќе биде строго забранета појавата на диви ѓубришта, односно Јавното комунално претпријатие и општината имаат обврска да ги детектираат и казнуваат сите прекршители на законот.

Предвидено е и ангажирање на булдожер-гасеничар за затрупување и порамнување на депонијата.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, ЈП Комунална Чистота

**Висина на средства:** 250.000 денари

## „ЗЕЛЕНО БОГДАНЦИ“ - ЗАСАДУВАЊЕ НА 10.000 НОВИ САДНИЦИ

Општина Богданци во соработка со Македонски шуми и НВО ќе организира редовни акции за засејување на садници -дрвја.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Македонски шуми, Буџет на Општина Богданци, НВО

**Висина на средства:** 100.000 денари

## ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕНДЕМИЧЕН ВИД НА „КОЗИНЕЦ“ (ASTRAGALUSPHYSOCALYX)

На територијата на Општина Богданци е пронајден многу редок и ендемски вид на растение од родот „Козинец“ со латинско име Astragalusphysocalyx. Присутен во ЗРП Богданци и според критериум А има статус на Ex/En (истребен/загрозен), односно глобално засегнат вид.

Со негово зачувување и промоција, ќе ја ставиме Општина Богданци на светската мапа на заштитени видови растенија.

**Рок:** 2021 – 2024 година

## ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ПОД НАДЛЕЖНОСТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општина Богданци ќе врши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектите под надлежност на локалната самоуправа, меѓу кои се и училишните објекти. Со тоа ќе се придонесе кон зачувување на здравјето на учениците. Акцент ќе се стави на векторите на тропски болести, поради што ќе се врши авионско прскање најмалку два пати во сезона.

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 2.500.000 во Рок од 4 години

## ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА СТОЈАКОВО И ЃАВОТО

Предвидено е да се реализираат во соработка со централната власт поради висината на финансиската конструкција

## АНАЕРОБНА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО С. СТОЈАКОВО

Стојаково располага со канализациска мрежа, но испуштањето на отпадните води е без претходно пречистување до потребниот степен. Бидејки селото е рамничарско, а нивото на подземни води е доста високо, многу често доаѓа до поплавување на околниот терен. Ваквото поплавување и излевање не е прифатливо како од еколошки аспект, така и од санитарен аспект, бидејки има голема можност од појава на епидемии, посебно во летниот период. Од тие причини нерешеното прашање на одвод на отпадните води претставува константен ризик по здравјето на жителите.

Проектот ги надминува сопствените финасиски можности на

општината, но е од големо значење за граѓаните на Стојаково. Проектот ќе се реализира доколку се обезбеди финансиска поддршка од централната власт, или меѓународни финансиски институции.

**Рок:** 2021-2028

**Извор на средства:** Влада на РМ, прекугранична соработка

**Висина на средства:** 36.299.881,00 денари

## АНАЕРОБНА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА 1000 ЕЖ С. ЃАВАТО

Село Ѓавато располага со канализациска мрежа, но испуштањето на отпадните води е без претходно пречистување до потребниот степен. Бидејки селото е рамничарско, а нивото на подземни води е доста високо многу често е поплавување на околниот терен. Ваквото поплавување и излевање не е прифатливо како од еколошки аспект, така и од санитарен аспект, бидејки има голема можност за појава на епидемии, посебно во летниот период. Од тие причини нерешеното прашање на одвод на отпадните води претставува константен ризик по здравјето на жителите.

Проектот ги надминува соствените финасиски можности на општината, но е од големо значење за граѓаните на Ѓавато. Проектот ќе се реализира доколку се обезбеди финансиска поддршка од централната власт, или меѓународни финансиски институции.

**Рок:** 2021-2028

**Извор на средства:** Влада на РМ, прекугранична соработка

**Висина на средства:** 17.696.739,00 денари





# 7. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Одржувањето на јавната чистота, обезбедување на комунална инфраструктура, чистење и подобар изглед на општината и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина.

### НАБАВКА НА МАЛ РОВОКОПАЧ

Механизацијата ќе се користи за комунални работи во тесни улички и сокаци. Се работи за меѓуинституционална соработка на Општина Богданци и ЈП Комунална чистота.

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Донација од амбасадата на Јапонија

**Висина на средства:** 3.200.000 денари

### НАБАВКА НА КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА СМЕТ

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на општина Богданци, ЈП Комунална чистота

## 7.1. ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе направиме максимални напори проблемите со водоснабдувањето да бидат надминати и во сите места да се доизградат или модернизираат изградените водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од општина Богданци. Наши приоритети се:

### ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ЦЕВКИ ВО МРЕЖАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО БОГДАНЦИ КОЈА КЕ СЕ ОДВИВА ПОСТЕПЕНО И ВО ФАЗИ.

Постојната мрежа е изградена пред 50-60 години од застарен материјал. Затоа има итна потреба да се замени со нова, која што нема да биде штетна по здравјето на граѓаните. Со оглед на големината на финансиските средства за проектот, пристапот на замена ќе биде етапен, со динамика согласно можностите на општината и евентуална поддршка од централната власт.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, Министерство за ЖСПП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 5.000.000 денари

## СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СТОЈАКОВО И СЕЛЕМЛИ ОД БУНАРСКО ПОДРАЧЈЕ ВО ГАВОТО-ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Овој проект треба да овозможи изградба на Систем за водоснабдување на Стојаково и Селемли, кој ќе овозможи нормални и квалитетни услови за живот и заштита на животната средина преку спречување на присуство на опасни материи и супстанци и загадување. Техничкото решение предвидува:

- Да се искористи изградениот бунар за водоснабдување на Селемли и Стојаково со капацитет поголем од 20лит/сек;
- Да се искористи изградениот резервоар од 200м3;
- Да се изгради Пумпна и хлоринаторска станица на локацијата на бунарот;
- Да се изгради потисен цевковод од бунарот до резервоарот.

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Влада на РМ, Министерство за ЖСПП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 5.768.880 денари

## ЗАМЕНА НА ПОСТОЈНИТЕ ШАХТИ СО МЕРНО-РЕГУЛАЦИОНА ОПРЕМА НА СИСТЕМОТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА БОГДАНЦИ

За надминување на повеќегодишните проблеми со водоснабдувањето со хемиски, физички и бактериолошки исправна вода, а со тоа и овозможување на поквалитетни услови за живеење, Општината Богданци во координација со ЈП "Комунална чистота" Богданци превзема активности за замена на постоечки шахти со мерно регулациона опрема дисперзирани низ целата мрежа за водоснабдување на Богданци. Ваквите мерки имаат за цел:

- да се отстранат честите прекини во водоснабдувањето поради пукање на застарените цевководи во добар дел изведени од азбест цементни цевки, а во помал дел од ХДПЕ цевки, и тоа со дијаметри од Ø50 до Ø150мм;
- добивање на прецизни податоци и следење на потрошувачката на

вода, како по зони така и вкупно на целото подрачје на Богданци;

- попрецизна прогноза на потребите од вода, обезбедување на потребните количини на вода и рационално менаџирање на потрошувачката.

**Рок:** 2023

**Извор на средства:** Влада на РМ, Министерство за ЖСПП, Буџет на општина Богданци

**Висина на средства:** 6.094.409,40 денари.

## 7.2. КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Еден од поголемите проблеми во Општина Богданци е управувањето со отпадните води. За таа цел наши приоритети ќе бидат изградба на канализацииски мрежи во следните населени места:

### ДОГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО БОГДАНЦИ

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ

**Висина на средства:** 6.000.000 денари

### ДОГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО СТОЈАКОВО

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ

**Висина на средства:** 3.000.000 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ –ПРВАТА ФАЗА ДЕЛНИЦА СТОЈАКОВО И ПУМПНИ СТАНИЦИ.

Населеното место Стојаково има изграден колекторски систем кој не функционира. За да се обезбеди соодветно функционирање, пред да се планира заокружување на системот за третман на отпадни води, неопходна е претходна реконструкција на системот за одведување на отпадните води.

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Министерство за ЖСПП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 4.254.142 денари

### РЕГУЛАЦИЈА НА ВОДОТЕЦИ-АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ 25 МАЈ ВО Н.М БОГДАНЦИ

Населеното место Богданци нема целосно заокружен систем за регулација на атмосферски води. Низ горниот дел на населбата има повеќе водотеци кои се во речни корите или се по линија на одредени улици, каде најчесто во период на врнежи се исполнети со вода која неконтролирано се слева во долниот дел од населбата и се предизвикуваат штети. Овие води се слеваат во следните водотеци: Гегова река, Медурска река,Љокова река и улица 25 Мај. За надминување на штетните последици, на северниот дел на населбата се планира да се изврши ископ на одводен канал кој ќе ги прифаќа поројните води и ќе обезбеди слевање на истите на безбеден начин во споменатите водотеци. Целта на проектот е да се обезбеди контролирање на атмосферскиот тек во рамки на пропишаните граници, за да на крај тие води преку постојната мрежа на атмосферска канализација се слеваат безбедно во крајниот реципиент реката Луда Мара. Со техничкото решение е предвидено поставување на ПВЦ канализациони цевки, во должина од 1200 метри.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, Министерство за ЖСПП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 12.300.000 денари

## 7.3. УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

### УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРСКИ ПОВРШИНИ ВО Н.М БОГДАНЦИ

Преку овој проект ќе биде опфатена улица Маршал Тито Богданци од пресек со Бошко Буха и Олга Петрушева до пресек со обиколница.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатор

**Висина на средства:** 3.000.000 денари

### УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРСКИ ПОВРШИНИ ВО С.СТОЈАКОВО

Преку овој проект ќе биде опфатена улицата низ централното подрачје на с.Стојаково, со што ќе се зголеми безбедноста на пешаците кои ја користат истата. Ќе се оформи тротоар од павер

елементи со минимална ширина од 120см , генерално по целата должина од левата страна и на дел од должина од десната страна

**Рок:** октомври 2023-2024 година

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 1.450.000 денари

## 7.4. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град, секоја општина. Преку нивно негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани.

### УРЕДУВАЊЕ НА МАЛИ УРБАНИ КАТЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА БОГДАНЦИ, СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ

Утврдена е потреба од урбани катчиња за одмор и рекреација на повеќе локации во сите населени места во Општина Богданци. Согласно можностите на општинскиот буџет во соодветните програми ќе се предвидат точни локации за оваа намена во сите населени места.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатор

**Висина на средства:** 2.000.000 денари



# 8. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ БОГДАНЦИ-ГЕВГЕЛИЈА

Регионалниот пат R - 1109 не ги исполнува стандардите за регионален пат бидејќи неговата широчина е помала од 5,5м.

Истиот поврзува три гранични премини (Ново село, Дојран и Богородица) и претставува важна артерија по која дневно транзитираат околу 400 тешки товарни возила. Од поодамна патот е во очајна состојба која дополнително се влошува и со врнежите од дожд и снег кои отвараат нови дупки, при што се отежнува безбедното движење на учесниците во сообраќајот, а не ретко доведува и до тешки сообраќајни незгоди кои одземаат човечки животи.

Проектот не е во надлежност на општината, но е од големо значење за граѓаните на Општина Богданци. Од тие причини, градоначалникот и Советот на Општина Богданци ќе вложат максимални напори за презентирање на овој приоритетен проект и реализација на истиот од страна на централната власт.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ

**Висина на средства:** 180.000.000 денари

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА:

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВРСКА Р1109 СО ЃАВАТО (ВО ДВЕ ФАЗИ)

Реконструкцијата на патниот правец Ѓавото –Стојаково (од н.м Ѓавото до крстосница со регионален пат Р1109) води кон подобрување на патната инфраструктура во Општина Богданци и подобрување на условите за живот на граѓаните во овој дел од општината, со што се овозможува поголем економски развој на населените места, а воедно и на целата општина. Реализацијата на проектот ќе обезбеди зголемување на безбедноста во сообракајот за сите учесници, подобрување на пристапот на земјоделците до нивните ниви, безбедност во сообракајот и за пешаците и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** БРР, АФПЗРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 26.502.575,8 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

Проектот за изградба, реконструкција и санација на локални патишта и улици во општината, ќе обезбеди подобра инфраструктура и го олеснува животот на граѓаните.

Со овој проект, ќе го подобриме урбаното живеење, обезбедуваме локален економски развој, безбедност во сообраќајот и подобра комуникација меѓу граѓаните.

## БОГДАНЦИ

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„ БРАНД ПЕТРУШЕВ",БОГДАНЦИ

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Влада на РМ, прераспределба на средства од концесија за аеродроми ТАВ **Висина на средства:** 9.769.202,3 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „КРУШЕВСКА ", БОГДАНЦИ

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Министерство за транспорт и врски, Светска банка- проект за локални патишта

**Висина на средства:** 15.120.026,63 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„ ПЕТАР МУСЕВ" -БОГДАНЦИ

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донаторски средства

**Висина на средства:** 13.730.067 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„ ИЗВОРСКИ“,БОГДАНЦИ

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донаторски средства

**Висина на средства:** 13.940.549,5 денари

## СТОЈАКОВО

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„ МАРШАЛ ТИТО“ ВО С.СТОЈАКОВО (ГЛАВНА УЛИЦА) 1 КМ

- Гребење на стариот асфалт и поставување на нов асфалт со дебелина од 7см
- Да се изврши оформување на улицата со проширување до лева или десна страна со нов асфалт д= 7см ;
- На делот од улицата каде на коловозот е изведен од камена коцка да се изврши прередување на камената коцка;
- Да се поставаат ниви големи ивичници, а на дел каде постојат истите да се изврши промена на оштетените ивичници.

**Рок:** 2023-2024

**Извор на средства:** АФПЗРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 13.500.000 денари

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ „29 НОЕМВРИ“ И „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 3,600,000 денари

## ЃАВОТО

### ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НОВА УЛИЦА НИЗ ЦЕЛА ДОЛЖИНА ВО ЃАВОТО, ВО ДОЛЖИНА 1 КМ

Главната улица во Ѓавото е единствената улица во н.м Ѓавото, се останато се сервисни улички и сокаци. Проектната идеја предвидува алтернативна улица на главната низ цела должина на населеното место со сервисни улички за поврзување.

**Рок:** 2022-2023

**Извор на средства:** Министерство за транспорт и врски, АФПЗРР, БРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 10.000.000 денари

# СЕЛЕМЛИ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА„ МАКЕДОНСКА“ -СЕЛЕМЛИ

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 1.865.674,40 денари

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „БРАТСТВО И ЕДИНСТВО“ -СЕЛЕМЛИ

**Рок:** 2022-2023

**Извор на средства:** БРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 1,800,000 денари

## ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЧКИ И СОКАЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА БОГДАНЦИ, СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ.

Локалните улички и сокаци се предвидени да се реализираат со бекатон плочки и со бетон. Изградбата, реконструкцијата и ревитализацијата ќе оди согласно Годишната програма на општината во оваа област.

**Рок:** 2023-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 8,000,000 денари



# 9. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува капитална инвестиција. ВМРО–ДПМНЕ цврсто верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс за земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани граѓани – подготвени за современите предизвици.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар со цел постигнување на образовната визија за квалитетна настава, партнерски однос со семејството на ученикот, како и меѓусебно почитување.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ОД I-ВО ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ

Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист;

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТ НА ОУ„ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СЕЛЕМЛИ

Статичко појачување и реконструкциски зафати на објект на ОУ „Кирил и Методиј“ во Селемли

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, ОУ „Кирил и Методиј“,Стојаково

**Висина на средства:** 2,000,000 денари

## ИЗРАБОТКА НА ОПШТИНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕГУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Стратегијата ќе биде подготвена како резултат на активната вклученост на претставници од општината во обуките за МИО и преку менторска поддршка со директни посети и дискусии со претставници на Општина Богданци. Оваа стратегија ќе ги вклучува општината, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и граѓаните на Општина Богданци.

Временската рамка за спроведување на стратегијата е 5 години

**Рок:** 2021-2022

## ➤ ВЕБ СТРАНИЦИ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА ИЗРАБОТЕНИ ОД САМИТЕ УЧЕНИЦИ, ПРЕДВОДЕНИ ОД НАСТАВНИЦИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ;

## ➤ СТИПЕНДИЈА ЗА НАЈДОБРИ СРЕДНОШКОЛЦИ

Давање на финансиска поддршка односно стипендија во времетраење од 1 година за секој првенец на генерација по завршување на средното училиште во висина од 6.000 денари месечно.

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 72.000 денари годишно

## ➤ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ И ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ОД БОГДАНЦИ

Овие активности ќе се реализираат преку буџетите на основните и средното училиште од дотации.

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, буџети на основни и средно училиште.



# 10. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Локалната самоуправа нема делегирано надлежност во областа на здравствена заштита.Сепак овие се потреби на граѓаните кои ќе бидат приговарани за обезбедување во соработка со повисоките нивоа на власт.

### ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ, ЌЕ БАРАМЕ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МИНИ КОВИД ЦЕНТАР СО:

Пункт за тестирање, тријажен центар, амбуланта за терапија, лабораторија опремена да прави не само општа крвна слика туку анализа со параметри важни за заболените;

### ПУНКТ ЗА БРЗА ПОМОШ

Овие активности можат да се сместат во огромниот и неискористен објект на амбулантата во Богданци.

**Рок:** 2021-2022

# 11. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Започнатите процеси на децентрализација во областа на социјалната заштита отвораат бројни можности за уште поактивна улога на општинските власти, во процесот на креирање на локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните за кои тоа е потребно.

Со добивање на Вашата доверба како нова локална власт во Општина Богданци, ќе се залагаме за мобилизирање на сите актери на локално ниво за со цел обезбедување социјална превенција,

зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.

Главните проекти се:

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ НА ЈОУДГ „КОСТА ПОП РИСТОВ ДЕЛЧЕВ“, СТОЈАКОВО

Кровот на детската градинка во Стојаково е во лоша состојба и протекува на повеќе места во објектот. Реконструкцијата ќе доведе до заштита на објектот, ќе се намалат трошоците за загревање и ладење и ќе се обезбедат подобри услови за престој на децата и вработените во институцијата.

**Рок:** 2021-2022

**Извор на средства:** МТСП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 5.501.680,97 денари

## БЕСПЛАТЕН ПРЕСТОЈ ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА НА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА НА СЕМЕЈСТВА

Децата од предшколска возраст кои потекнуваат од социјално – ранлива категорија на семејства ќе можат бесплатно да ги добиваат услугите на детската градинка од Богданци. Проектот ќе има за цел сите деца да бидат вклучени во процесот на предучилишно образование и социјализација на истите.

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на оОпштина Богданци, Влада на РМ

**Висина на средства:** 1.000.000

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА ЗА ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

Поддршка за воспоставување на услугата помош и нега во домот преку лиценциран давател на услуга и лиценцирани негуватели (за лиценцирани негуватели доколку нема доволно на територија на Општина Богданци, општината ќе ги покрие трошоците за лиценца/сертификат)

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** МТСП, Буџет на Општина Богданци

## ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА

Проектни соработки во област социјална инклузија со вклучување на невработени лица кои тешко се вклучуваат на пазар на

труд во активности за помош на крајни корисници кои исто така се ранливи категории граѓани.

**Рок:** Континуирано

**Извор на средства:** УНДП, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 500,000 денари

## ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА И ЛИЦА

Општината ќе обезбеди средства за помош на лица од социјално ранливи семејства и лица / семејства кои претрпеле материјална штета од временски непогоди и други катастрофи.

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

## ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Општинскиот план за социјална заштита заедно со дефинираните програми треба да овозможи унапредување на системот на социјална заштита преку обезбедување на разни форми на социјални услуги во соработка со локалните чинители а со тоа и реализација на Националната програма за развој на социјалната заштита.

**Рок:** 2022

**Висина на средства:** 2.000.000



# 12. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на ВМРО. Селото и змејоделското производство отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка затоа што е е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, ќе го подобриме животот на нашите земјоделци

## ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НОВ ПОЛСКИ МОСТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА (КАЈ ПОРАНЕШНА ПЛИНАРА)

Мостот ќе овозможи поврзување на урбаниот дел во н.м Богданци со земјоделските површини и полесен и побрз пристап доноседите. Се предвидува да има една лента за сообраќај со пешачка зона.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** МЗШВ, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 8,000,000 денари

## САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

Преку програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството.

Олеснување на пристап до поседите на дневна основа и брза и лесна комуникација за довоз и одвоз на материјал и производи од местото на производство.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** ЦРЈИПР, програма за капитални субвенции за развој на плански региони

**Висина на средства:** 1,000,000 денари

## ОРГАНИЗИРАНА ПОСЕТА НА САЕМИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА ИНДИВИДУАЛНИ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 200,000 денари

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ИНФО ДЕНОВИ ПРЕКУ АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ

Еднодневен настан Инфо ден по програма/мерки ИПАРД 2021-2027

**Рок:** 2021 – 2024 година



# 13. СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и спортувањето се неопходни за нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети. Рекреативниот спорт исто така овозможува развој на индивидуите и зголемување на квалитетот на живот на граѓаните.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во општина Богданци, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Приоритетни цели кои сакаме да ги исполниме се: влијание врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

Најзначајни проекти во следниот мандат се:

## ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ

Обнова на постоечките игралишта каде е потребно, изнаоѓање на соодветна локација и изградба на мултинаменски игралишта каде ќе се процени дека е потребно.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** АМС, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 7.000.000 денари

## ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКО ИГРАЛИШТЕ ВО БОГДАНЦИ

Изнаоѓање на соодветна локација, предлог во училиштен двор на ООУ „Петар Мусев“, Богданци.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, АМС

**Висина на средства:** 5.000.000 денари

## ОБНОВУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА ЗА ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПАЉУРЦИ-ДОЈРАН

Патеката е исчистена и трасирана во 2010 година и ги поврзува локалитетот Паљурци, Богданци и Дојран. Самата патека во голем дел ја следи линијата на Солунскиот фронт од Првата светска војна и тоа ја чини атрактивна и за странски посетители.

**Рок:** 2022

**Извор на средства:** ЦРЈИПР, МОС со Општина Дојран

**Висина на средства:** 1.300.000 денари

## САНАЦИЈА НА ТРЕВЕН ФУДБАЛСКИ ТЕРЕН ВО СТОЈАКОВО

Реновирање на спортски терен и уредување на простор околу стадион

**Рок:** 2023

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 500.000 денари

## ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА/КЛУБОВИ, УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ

**Рок:** Континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 1.000.000 денари

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БАСКЕТ ТУРНИР 3Х3

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донации од приватен сектор

**Висина на средства:** 500.000 денари

## ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКИ И НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Вклученоста ќе се обезбеди преку формирање соодветно тело на организирање– Младински совет и основање на Младински центар. Младинските центри, како постојано достапни и безбедни простори за младите, се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои го подобруваат животот на младите, се споделуваат информации од интерес за младите и други аспекти од животот на младите

**Рок:** 2022



# 14. ТУРИЗАМ

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на отворените фондови од националните програми и европските фондови, програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам, ИПА за прекугранична соработка Македонија – Грција и Македонија-Бугарија, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини.

## ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ТУРИСТИЧКАТА ЗОНА ПАЉУРЦИ

Приклучок на улици 1 и 2 кон регионален пат Р1109 Богданци-Фурка во м.в Паљурци. Уредување и оплеменување на излетничко-туристичкиот локалитет Паљурци, за пристап и комуникација кон урбанистички планираните црква и хотелско-угостителски комплекс.

**Рок:** 2023

**Извор на средства:** БРР, ЦРЈИПР, програма за развој на регионите

**Висина на средства:** 5.579.573

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКА И ВЕЛОСИПЕТСКА ПАТЕКА БОГДАНЦИ -М.В. ЧЕСТИ ЈАВОРИ II ФАЗА 12.000.000

Пешачко велосипедската патека има функција да овозможи приод и рекреација на жителите од Богданци. Поминува покрај локалитетот Честе Јавори кој е своевидна атракција бидејќи таму расте ендемичен вид на јавори оревочетинари и завршува на локалитет Паљурци, место со вештачка акумулација каде е поствена урбана опрема за одмор и рекреација. Граѓаните на Богданци ќе можат секојдневно да ја користат оваа траса за рекреација, наспроти сегашната состојба во која тие се доведуваат во опасност бидејќи нема доволно простор покрај патот и мораат да излегуваат на асфалтот. Вкупната должина на патеката изнесува околу 2км. Оваа делница претставува втора фаза од реконструкцијата на пешачка и велосипедска патека Богданци-Честе Јавори –Паљурци.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** АФПЗРР, Буџет на Општина Богданци

**Висина на средства:** 12.000.000

## ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА СТОЈАКОВО – „СЕЛО НА ШТРКОВИТЕ“

Изработка на промотивен материјал, поставување на опрема-на-блудувачници на птици, табли за означување.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатори

**Висина на средства:** 200.000

## ИЗРАБОТКА НА БРОШУРИ, ФЛАЕРИ И ДРУГИ ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНАТА

**Рок:** континуирано

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатори

**Висина на средства:** 400.000 денари

## ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ПОШТЕНСКА МАРКА И РАЗГЛЕДНИЦА СО МОТИВИ ОД БОГДАНЦИ

Дизајнирање на поштенска марка и разгледница со мотиви од Богданци и дистрибуција во соработка со македонски пошти. Приходите од продажба ќе бидат наменети за хуманитарни цели

**Рок:** 2024

**Извор на средства:** Буџет на Општина БОГДАНЦИ

**Висина на средства:** 200.000 денари

# 15. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура.

Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО – ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство. Во тој контекст, општина Богданци се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ќе настојуваме нашата општина да биде пошироко препознатлива дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку:

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМ НА КУЛТУРА ВО С.ЃАВОТО.

Објектот е стар и запуштен. Ќе се изврши реконструкција или замена на подот, кровот, тоалетите, фасадата, прозорците и вратите, салата за културни активности и канцелариите.

**Рок:** 2021-2024

**Извор на средства:** Влада на РМ, Министерство за култура

**Висина на средства:** 7.176.173,54

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛЕТНА СЦЕНА ВО ЈОУДК „БРАНД ПЕТРУШЕВ“, БОГДАНЦИ.

ЈОУДК „Бранд Петрушев“ располага со објект кој е од огромно значење за сите граѓани во Општина Богданци. Во овој мултимедијален објект се оддржуваат сите позначајни настани од јавен карактер (концерти, претстави, кино итн.). Во Општина Богданци нема културен простор, односно сцена која би овозможила овие активности да се изведуваат на отворено, особено во летниот период.

Проектот предвидува приспособување и ставање во употреба на просторот, кој во минатото се користел за изведување на активностите на отворено во објектот на ЈОУДК „Бранд Петрушев”, Богданци. Реконструкцијата и опремувањето на оваа летна сцена со трибина ќе даде нова и многу посериозна нота во поглед на културата во овој регион. Се предвидува трибината да биде приспособена за лицата со посебни потреби, со што би им се овозможило да присутствуваат на сите настани кои ќе се одржуваат во летните денови. На овој начин Општина Богданци ќе добие мултифункционален простор кој ќе придонесе за поголема посетеност

на настаните, подигање на културната свест кај граѓаните, а секако и дополнителен мотив за работа.

**Рок:** 2022-2024

**Извор на средства:** ЈОУДК„ Бранд Петрушев“, донатори

**Висина на средства:** 2.700.000

## ОПРЕМУВАЊЕ НА ДОМ НА КУЛТУРА ВО СТОЈАКОВО (КИНО САЛА, БИБЛИОТЕКА, КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА) И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОР

Домот на културата во населено место Стојаково има потреба од опремување и доуредување, заради максимално искористување на целта на овој објект. Објектот во 2016 година имаше значајна реконструкција во делот на обнова на фасадата, покривот и целокупната столарија (прозорци, надворешни и внатрешни врати), како и реновирање на кино салата со нов тепих и реставрирање на бината. Меѓутоа, како главен проблем останува не опремената сала за кино проекции, библиотека, конференциска сала и не уредената околина на објектот.

**Рок:** 2022

**Извор на средства:** Буџет на Општина Богданци, донатори

**Висина на средства:** 3.000.000

## ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОДВОЈУВАЊЕ НА ЈОУДК „БРАНД ПЕТРУШЕВ“ И ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА

Во соработка со централната власт, ќе иницираме постапка за институционално одвојување на ЈОУДК „Бранд Петрушев“ и Градска библиотека со цел работа со полн капацитет во двете институции.

**Рок:** 2024

## ПОДДРШКА ВО ИЗГРАДБАТА НА ЦРКВАТА ВО СЕЛЕМЛИ И МАНАСТИРОТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ЧУКА

Активноста е планирано да се одвива со организирање на донаторски состаноци со приватниот сектор (под покровителство на општината и Градоначалник). Собраните средства ке бидат наменети за двата верски објекти.

**Рок:** Континуирано

## „БОГДАНСКО КУЛТУРНО ЛЕТО“

Во организација на ЈОУДК „Бранд Петрушев“ од Богданци и локалната самоуправа, ќе продолжи традицијата секоја година

од средината на месец јули до средината на месец август да се одржуваат едномесечни културни збиднувања насловени како „Богданско културно лето“. Манифестацијата „Богданско културно лето“ го оддржува исклучителниот епитет на традиционално зближување на граѓаните од Општина Богданци со спој на музика, театар и игри.

**Рок:** Континуирано

**Извор на средства:** Министерство за култура, Буџет на Општина БОГДАНЦИ

**Висина на средства:** 500.000 денари

# 16. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

## НАБАВКА НА ЗАЕДНИЧКА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА ЗА УНИВЕРЗАЛНАТА ЕДИНИЦА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ.

**Рок:** 2024

**Извор на средства:** Буџет на општината

**Висина на средства:** 200.000 денари



# 17. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ СОРАБОТКИ ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ;
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИ ВО РАМКИ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МАКЕДОНИЈА-ГРЦИЈА;
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИ ВО РАМКИ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МАКЕДОНИЈА-БУГАРИЈА.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*